Стрип 10 – Октомври – Енергетска ефикасност

# ТЕРА
## и борците за промени

SALAR International
A part of the Swedish Association of Local Authorities and Regions




АЈДЕ ДЕЧКИ, УШТЕ МАЛКУ И ЌЕ СТИГНЕМЕ КАЈ КАЛИНА
МММНОГУ Е ЛАДНО!
ЕДВАЈ ЧЕКАМ ДА ВЛЕЗАМ ВНАТРЕ НА ТОПЛО
ЗДРАВО ДРУШТВО, ВЛЕГУВАЈТЕ, СИГУРНО СМРЗНАВТЕ НАДВОР
КАЛИНА, БАШ ВИ Е ТОПЛО ДОМА. ДАЛИ Е ПУШТЕНО ГРЕЕЊЕТО?
НОРМАЛНО! МОРА ДА ГО СТОПЛИМЕ ДОМОТ ВО ОВИЕ ЛАДНИ МЕСЕЦИ
АМА ВИДИ, ПРОЗОРЕЦОТ Е ОТВОРЕН! ЦЕЛАТА ТОПЛИНА БЕГА НАДВОР!
ПААА, СТАНА ПРЕЖЕШКО И ПОЧНА ДА МЕ БОЛИ ГЛАВА, И ГО ОТВОРИВ ПРОЗОРЕЦОТ ДА ВЛЕЗЕ СВЕЖ ВОЗДУХ
КАЛИНА, АМА ТАКА ЗАЛУДНО ТРОШИШ ЕНЕРГИЈА
ТЕРА Е ВО ПРАВО. КОРИСТИШ МНОГУ ЕНЕРГИЈА ЗА ДА ЈА ЗАГРЕЕШ КУЌАТА, А ПОТОА ЕДНОСТАВНО ЈА ПУШТАШ ТОПЛИНАТА НАДВОР
ИЗВИНЕТЕ ДЕЧКИ, НЕ ПОМИСЛИВ НА ТОА. ВЕДНАШ ЌЕ ГО ЗАТВОРАМ ПРОЗОРЕЦОТ


ИМАМ ПРЕДЛОГ. АКО ТИ Е ЛАДНО, А ОД ГРЕЕЊЕТО ТЕ БОЛИ ГЛАВА
МОЖЕШ ДА ОБЛЕЧЕШ ПОТОПЛИ АЛИШТА
ТАКА ЌЕ ЗАШТЕДИШ МНОГУ ЕНЕРГИЈА
ТОА Е СУПЕР ИДЕЈА БОРЈАН! ЌЕ ГО ИСКЛУЧАМ ГРЕЕЊЕТО И ЌЕ ДОНЕСАМ ЏЕМПЕРИ ЗА СИТЕ
ДАЛИ НЕКОЈ Е ЗА СОК?
ДА!
СЕКАКО!
МОЖЕ И ЗА МЕНЕ!
КАЛИНА, ДАЛИ ГО ОСТАВИ ФРИЖИДЕРОТ ОТВОРЕН?
ТАКА ЗАЛУДНО ТРОШИШ ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА! МОРА ДА ЈА ШТЕДИМЕ ЕНЕРГИЈАТА!
ИЗВИНЕТЕ УШТЕ ЕДНАШ! ВЕТУВАМ ДЕКА ВО ИДНИНА ЌЕ БИДАМ ПОВНИМАТЕЛНА
МАЛИТЕ ПРОМЕНИ МОЖЕ ДА НАПРАВАТ ГОЛЕМИ РАЗЛИКИ

# Совети за родителите

Целото семејство може да научи нешто повеќе за енергетската ефикасност преку неколку едноставни чекори:

- **Дискутирајте:** Прашајте ги децата дали на училиште учеле за штедење енергија и кои мерки ги преземаат во училницата за да ја намалат потрошувачката на енергија. Потоа побарајте од нив да дадат идеја кои од тие мерки би ги искористиле за штедење енергија во домот.
- **Бидете пример:** Нека учат од вас! Покажете им на децата различни начини за намалување на потрошувачката на струја во домот. Објаснете им зошто енергијата треба да се штеди и покажете им дека и вие се грижите за потрошувачката на струја.
- **Креирајте свесност:** Има две главни причини за штедење енергија во домот – пониски сметки за струја и заштита на животната средина. Објаснете им на децата зошто овие придобивки се важни и на тој начин ќе ги поттикнете да ги сменат своите навики. Преку примери, објаснете им на децата како непотребно се троши енергија. Научете ги како да штедат енергија во домот и кои се позитивните резултати од тоа. Објаснете им што е обновлива енергија.
- **Создадете услови:** Научете ги децата како да ја намалат потрошувачката на енергија во домот. Има различни начини да го постигнете тоа - исклучувајте ги сијалиците кога излегувате од собата и не го оставајте телевизорот вклучен доколку не го гледате. Направете список од активности за штедење енергија во домот и потрудете се да се придржувате до што поголем број од нив.

Со тоа што ги учите вашите деца на навики за штедење енергија, ги учите и како она што го презема вашето семејство може да има позитивен ефект врз животната средина.

Научете ги на корисни навики уште од денеска!

# Забавна активност за најмладите

А сега е време да играме потрага по уреди за штедење енергија! Разгледајте низ вашиот дом и најдете ги уредите претставени на цртежот. Ако се вклучени во струја, а не се употребуваат, исклучете ги од штекерот за да заштедите струја.

Полначи за телефон; Телевизор; Конзола за видео игри; Сијалици; Лаптоп; Бокал; Тостер



Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

The European Commission support for the production of this publication does not constitute an endorsement of the contents which reflect only of the authors, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.